# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 64 став 1 точка 22 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 3/02, 51/03, 85/03, 40/04 и 61/05), а во врска со член 5 став 1 точка 13 од Законот за платен промет ("Службен весник на Република Македонија" број 32/01, 50/01, 52/01, 103/01, 37/02, 41/02, 61/02, 42/03 и 13/06), Советот на Народна банка на Република Македонија донесе

## О Д Л У К А
## за уредување на начинот на водењето и содржината на единствениот регистар на иматели на сметки

(Објавена во Службен весник на Република Македонија број 56/2006 од 5 мај 2006 година)

Член 1

Со оваа одлука се уредува начинот на водењето и содржината на единствениот регистар на иматели на сметки (во натамошниот текст: ЕРИС).

Член 2

ЕРИС ги содржи следните податоци за учесниците во платниот промет:

1. број на сметката,
2. полно име на имателот на сметката,
3. име на сметката,
4. единствен матичен број на субјектот,
5. единствен даночен број,
6. седиште,
7. адреса,
8. шифра на населено место,
9. датум на отворање на сметката,
10. податок за видот на учесникот во платниот промет согласно член 2 став 1 алинеа 2 од Законот за платен промет,
11. датум на последната промена на податок во ЕРИС за сметката,
12. статус на сметка, во кој се означува дека сметката е отворена или затворена,
13. код на земјата на имателот на сметката,
14. шифра на претежната дејност согласно НКД на имателот на сметката,
15. шифра на организационен облик,
16. број на телефон,
17. број на телефакс,
18. e-mail адреса.

Податоците од точка 1 до точка 15 од став 1 на овој член се задолжителни, а податоците од останатите точки од став 1 на овој член не се задолжителни.

Член 3

Начинот и формата на доставување на податоците од страна на носителите на платниот промет до ЕРИС се регулира со упатство на Клириншката куќа.

Клириншката куќа е должна да ја извести Народна банка на Република Македонија за секоја измена на упатството наведено во став 1 на овој член најмалку 30 дена пред влегувањето на истото во сила.

Член 4

Носителот на платен промет е должен да достави до ЕРИС податоци за отварање и затварање на сметка и за статусни промени на учесникот во платниот промет.

Податоците од став 1 од овој член носителот на платен промет ги доставува до ЕРИС со содржина пропишана во член 2 од оваа Одлука и на начин и форма пропишани со упатството од член 3 на оваа Одлука.

Податоците од став 1 на овој член носителот на платен промет ги доставува најдоцна до крајот на работното време определено со упатството од член 3 на оваа Одлука.

Член 5

Носителот на платниот промет е одговорен за точноста на доставените податоци и за ажурноста на нивното доставување до ЕРИС.

Член 6

Клириншката куќа е должна да обезбеди дневна ажурност на ЕРИС и идентичност на податоците од ЕРИС со податоците доставени од носителот на платниот промет.

Член 7

Клириншката куќа е должна податоците од ЕРИС да ги доставува до Народна банка на Република Македонија на дневна основа.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 01.10.2006 година.

О.бр. 02-15/IV-1/2006
26.04.2006 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна Банка
на Република Македонија
Гувернер,
м-р Петар Гошев, с.р.